РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1229/1
17-03-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата по која е оформен предметот со бр. 12-1909/1 од 04.07.2025 година, против Јавната здравствена установа Здравствен дом ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со бр. 12-1909/1 од 04.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.07.2025 година, поднесена е пријава против Јавната здравствена установа Здравствен дом ---- (понатаму: ЈЗУ ЗД ----), и оформен е предмет бр. 12-1909/1 од 04.07.2025 година.
Подносителот наведува дека на огласот бр. 0401-312/1 од 05.06.2025 година, аплицирал како доктор на медицина. Согласно објавената ранг-листа од страна

на стручната комисија, бил рангиран на прво место со вкупно 87,60 бодови. Меѓутоа, со одлуката од 02.07.2025 година, биле избрани кандидати со значително помалку бодови, додека подносителот на пријавата не бил избран.

*Според член 161 став 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016, 37/2016 и 20/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 153/2019, 180/2019, 275/2019, 77/2021, 122/2021, 178/2021, 150/2022, 236/2022, 199/2023, 236/2023, 263/2023, 30/2024, 74/2024 и 170/2024) (понатаму: ЗЗЗ), работоводниот орган на здравствената установа, врз основа на ранг-листа предложена од комисијата за селекција со најмалку тројца кандидати, доколку има повеќе од тројца кандидати кои ги исполнуваат условите, спроведува интервју и донесува одлука за избор на кандидат.*
*Според став 2 од истиот член, против одлуката за избор од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку здравствената установа за чии потреби бил објавен јавен оглас до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.*

По разгледувањето на пријавата и релевантите одредби од ЗЗЗ, ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што видно од релевантната законска регулатива работоводниот орган (директор/вд директор) на здравствената установа, располага со дискреционо право да донесе одлука за избор на било кој кандидат кој ги исполнува условите од јавниот оглас, без разлика на неговиот пласман на ранг-листата. Дополнително, кандидатот што не е избран на јавниот оглас има право на жалба во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката преку здравствената установа за чии потреби бил објавен јавен оглас до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б.Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата